Здружение на жени менаџери ЕЛИТ Скопје

**ИСТРАЖУВАЊЕ**
**ПРОЕКТ**

**Зголемување на бројот на жени на одлучувачки позиции во Управни и Надзорни одбори во приватните компании во Република Македонија**

## 1. Истражување и заклучоци

1.1 Имајќи ги во предвид обработените основни податоци,податоците за претпријатијата и пополнувачите на прашалникот (Прилог 2) може да се заклучи дека:

1) Од вкупно 60 испитаници/претпријатија, 47 или 78,33% се од приватни претпријатија,
2) Од вкупно 60 претпријатија, 21 или 35% се претпријатија до 9 вработени,
3) 35 испитаници, односно 56,33% се од редовите на топ менаџментот,
4) 26 испитаници или 43,33% се со високо образование,
5) Од вкупно 60 испитаници/учесници на трите трибини, 57 се жени односно 48,33%,
6) Од вкупно 60 испитаници/учесници на трите трибини, 29 испитаници се на возраст над 45 години.

2.2 Имајќи ги во вид обработените одговорина пополнувачите на прашалникотна сите три трибини (Прилог 3) може да се заклучи:

1) Менаџментот во претпријатијата – учесници на трибините вложува во обуки/семинариза континуирано јакнење на свесноста за важноста на базичните принципи на раководењето и управувањето (61% од одговорите). Ова резултира во поголемо вклучување на жените на раководни и управувачки функции.

**Да: 61%,** **Понекогаш: 25%,** **Не: 14%**




**2)** На жените им е овозможено да учествуваат во процесот на донесување одлуки во процесите на раководење и управување (80 %)

**Да: 80%,** **Понекогаш: 18%,** **Не: 2%**



**3)** Подобрата едукација на жените значајно влијае за нивно поставување на раководни и управувачки функции (76%).

**Да: 76%,** **Понекогаш: 22%,** **Не: 2%**




**4)** Мајчинството понекогаш влијае на кариерата на деловна жена(51%).

**Да: 44%,** **Понекогаш: 51%,** **Не: 5%**



5) Вработените мажи и жени подеднакво се мотивирани и стимулирани за работа на раководни места

**Да: 45%, Понекогаш: 33%, Не:22%**




6) Според Ваше мислење, дали жените би можеле да бидат рамноправни со мажите во деловниот свет

**Да: 92%, Понекогаш: 8%, Не:0%**



7) Испитаниците имаат различно мислење за оценка  на резултатите на општеството (на национално и локално ниво) во врска со  креирањето адекватни мерки, препораки и легислатива на оперативно ниво, во делот на зголемување на свесноста за поголемо вклучување на жените во управните и надзорните одбори, односно на раководните позиции.

**Да: 37%,** **Понекогаш: 34%,** **Не:29%**




**8)** Голем е интересот на менаџментот на компанијата во која работат испитаниците за поставување на жени на раководни и управувачки позиции

**Да: 63%,** **Понекогаш: 27%,** **Не:10%**



**9)** Вкупен број на мажи и жени во компаниите на испитаниците учесници на трите јавни трибини:

**157 на раководни позиции, 253 на управни и надзорни одбори**

**10)** Процент (%) на жени во на раководни позиции и во управните и надзорните одбори.




**11)** Испитаниците на сите три трибини се побoрници за дефинирање на квоти за учество на жените во управни и надзорни одбори (78%).

**Да: 78%, Понекогаш: 17%, Не:5%**



**12)** Испитаниците на сите три трибини се определуваат на природен начин да се зголеми учеството на жените во управни и надзорни одбори (83%).

**Да: 83%, Понекогаш: 7%, Не:10%**




**13)** Бизнис асоцијациите можат да придонесат кон менување на состојбите за вклученоста на жените во управните и надзорните одбори, односно во други управувачки тела на оперативно ниво (88%),

**Да: 88%, Понекогаш: 12%, Не:0%**



**14)** Државните стимуланси во вид на субвенции на компаниите ќе придонесат за зголемено процентуално учество на жените во управните и надзорните одбори.

**Да: 69%,** **Понекогаш: 24%,** **Не:7%**




**15)** Испитаниците сметаат дека е целисходно да се покрене иницијатива до законодавниот дом за воведување на системски мерки за зголемување на учеството на жените во надзорните и управните органи во соработка со останатите женски асоцијации и јавниот сектор (90%).

**Да: 90%,** **Понекогаш: 10%,** **Не:0%**



2. **Мислења на испитаниците што треба да се преземат лично, односно во нивните компании и/или во институциите на национално и /или локално ниво**

- Соодветна едукација, обуки и семинари во областа што ги засега раководните позиции,
- Да се даде можност на соодветни личности да се стекнат со искуство и истите да се охрабруваат постојано,
- Да се вклучат повеќе жени на одлучувачки позиции,
- Организација на локални трибини со цел запознавање односно вмрежување на жените менаџери.

3. **Кратка евалуација на трибините**

Во согласност со одговорите на испитаниците од сите три трибини (Прилог 4) може да се заклучи дека:

1) Организацијата натрибините е успешна (100%),
2) Изборот на говорничките–деловни жени е соодветен (100%),
3) Мотивациските говори на успешните жени менаџери ќе ги охрабрат останатите жени да се одлучат да бидат на раководни позиции (98,33),
4) Прашалникот кој го пополнивте ги содржи главните прашања клучни за мерење на интересот за поголема застапеност на жените на одлучувачки позиции (98,33),
5) Реализацијата на овој проект ќе придонесе да се продолжи со нови активности за создавање услови и критична маса за наоѓање на начин да се зголеми бројот на жените во управувачките органи во Република Македонија (100%).

## 4. Препораки

Секое друштво, заради создавање на услови за зголемување на ефикасноста во работењето, треба континуирано да практикува градење и јакнење на лидерски капацитети како политика за решавање на деловни конфликти.

Сознанијата добиени од реализираните трибини и направените анализи /истражувања укажуваат на важноста на вложувањето и поддршката на друштвата во професионалното усовршување и напредување во кариерата на вработените, а особено на вработените жени, Тогаш тие ќе бидат проактивни за ефикасно работење и решавање на деловните задачи и конфликти. Во таа смисла, денес, се' поголем аспект се става на учеството на вработените во обуките за професионално усовршување и напредување во кариерата со што на вработените жени, односно ефикасно остварување на организациските цели и задачи.

Во таа смисла ги издвојуваме следните препораки:

- треба да се зголеми вклученоста на жената во процесите на деловните одлучувања на интерно и екстерно ниво,
- неопходна е поголема вклученост на жената во својство на носител на одлуки, односно нејзина партиципација во работата на органите на управување во друштвата,
- треба континуирано да се работи на унапредување на компетенциите на вработената жена,
- вклученоста на жената на раководните и управувачките позиции е еден од клучните фактори на развојот на компанијата,
- динамичниот развој на општеството наметнува потреба од вработени со високи перформанси и нагласена способност за мотивација и ефектуирањето на вработените во компанијата,
- потребни се мотивирани и задоволни вработени како основен предуслов за ефикасно работење,
- треба континуирано да се вложува во соодветни обуки и менторство во жените,
- треба да се унапредување на ефикасноста на мрежната поврзаност меѓу македонските жени - бизнис лидери,
- неопходно е споделување и користење на туѓи искуства за надминување на општествените бариери во процесот на зголемувањето на учеството на жената на раководните и управувачките позиции во претпријатијата,
- потребно е мотивирање на жените и нивно насочување кон позитивните примери за зајакнување капацитетите за раководни и управувачки позиции во Р. Македонија.
- организирање на едукативни настани, низ кои ќе се осознаат искуствата на професионално реализирани и успешни личности – кои ќе ги споделат своите искуства, потешкотии, начинот на премостување,
- треба да потенцира улогата на жената во бизнис сферата, односно развивање на потенцијалот на жените,
- Јакнење на капацитетот на жените со сет на специфични вештини кои ќе ги донесе на уште повисоко ниво во бизнис заедницата или бизнисот кој го водат,
- Бизнис вмрежување, преку развивање и експанзија на бизнисите, нови контакти, поврзувања, лобирање и поддршка за раст на претприемачкиот дух.
- Зголемување на бројот на жени кои носат одлуки, како и да се подобри положбата на жените претприемачи во компаниската хиерархија.
- Зголемување на влијанието и на подготвеноста на деловните субјекти за практични дејствија во полза на развојот на компетенциите во делот на женското лидерство.

**Прилог 1: Анкетен прашалник**

Ве молиме да го пополните понудениот прашалник, заради обезбедување податоци за аргументирање на ставовите –изнесени во проектот на здружението на жени менаџери Елит**„Зголемување на бројот на жени на одлучувачки позиции во Управни и Надзорни одбори во приватните компании во Република Македонија“**, поддржан од Министерството за економија на Република Македонија..

Податоците ќе се користат исклучиво за:

- Собирањеподатоцизамоменталната состојба за вклученоста нажените на одлучувачки позиции во компаниите,
- Согледување на интересот на компаниите за вклучување на поголем број на жени во управните и надзорните одбори,
- Добивање сознанија од компаниите и присутните деловни жени за нивното мислење за начинот со кој би се зголемил бројот на жените на одлучувачки позиции во управните органи.
- Дали да се покрене иницијатива дозаконодавниотдомзавоведувањенасистемскимеркизазголемувањенаучествотонаженитевонадзорните и управнитеорганивосоработкасоостанатитеженскиасоцијации и јавниотсектор.

**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**

**Основни податоци за претпријатието:**

1. Вид на организација:
   □ јавно претпријатие / институција □ приватно претпријатие

2. Број на вработени
   □ до 9 □ 10 до 50 □ од 51 до 250 □ над 250

**Основни податоци за пополнувачот на анкетниот прашалник:**

3. Статус
   :□ топ менаџмент □ среден менаџмент □ вработен

4. Највисоко ниво на завршено образование
   □ основно □ средно □ вишо □ високо □ магистратура/докторат

5. Пол
   □ маж □ жена

6. Возраст:
   □ до 30 год. □ 31 – 45 год. □ над 45 год.

Упатство за пополнување на прашалникот:
Во продолжение се дадени прашања и искази. Вие треба да одговарате со оценките:
А=Да Б=Понекогаш В=Не

| Ред.бр. | **ПРАШАЊЕ** | **А** | **Б** | **В** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали менаџментот во организацијата во која работите вложува во обуки/семинариза континуирано јакнење на свесноста за важноста на базичните принципи на раководењето и управувањето во компанијата, кое секако би резултирало во поголемо вклучување на жените на раководни и управувачки функции? | А | Б | В |
| 2 | Дали на жените им е овозможено да учествуваат во процесот на донесување одлуки во процесите на раководење и управување? | А | Б | В |
| 3 | Дали подобрата едукација на жените значајно влијае за нивно поставување на раководни и управувачки функции? | А | Б | В |
| 4 | Дали сметате дека на кариерата на деловна жена значајно влијае мајчинството? | А | Б | В |
| 5 | Дали вработените мажи и жени подеднакво се мотивирани и стимулирани за работа на раководни места? | А | Б | В |
| 6 | Според Ваше мислење, дали жените би можеле да бидат рамноправни со мажите во деловниот свет? | А | Б | В |
| 7 | Дали позитивно ги оценувате резултатите на општеството (на национално и локално ниво) во врска со креирањето адекватни мерки, препораки и легислатива на оперативно ниво, во делот на зголемување на свесноста за поголемо вклучување на жените во управните и надзорните одбори, односно на раководните позиции? | А | Б | В |
| 8 | Дали е голем интересот на менаџментот на компанијата во која работите за поставување на жени раководнии управувачки позиции? | А | Б | В |
| 9 | Колкав е вкупниот број на мажи и жени во вашата компанија?<br>а. На раководнипозиции<br>б. Во управни и надзорни одбори | а.<br>б. | | |
| 10 | Колку од нив се само жени ?<br>а. На раководнипозиции<br>б. Во управни и надзорни одбори | а.<br>б. | | |
| 11 | Дали сте поборник за дефинирање на квоти за учество на жените во управни и надзорни одбори? | А | Б | В |
| 12 | Дали сте на природен начин да се зголеми учеството на жените во управни и надзорни одбори? | А | Б | В |
| 13 | Дали сметате дека бизнис асоцијациите можат да придонесат кон менување на состојбите за вклученоста на жените во управните и надзорните одбори, односно во други управувачки тела на оперативно ниво? | А | Б | В |
| 14 | Дали сметате дека државните стимуланси во вид на субвенции на | А | Б | В |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | компаниите ќе придонесе за зголемено процентуално учество на жените во управните и надзорните одбори? | | | |
| 15 | Дали сметате дека е целисходно да се покрене иницијатива до законодавниот дом за воведување на системски мерки за зголемување на учеството на жените во надзорните и управните органи во соработка со останатите женски асоцијации и јавниот сектор? | А | Б | В |

Вашето мислење е од голема важност за нас, како и за успешноста на оваа трибина. Во таа смисла, Ве молиме во дадените графи да ги напишете Вашите предлози, мерки и активности што треба да се преземат лично, односно во Вашата компанија и/или во институциите на национално и /или локално ниво, со единствена цел како да се подобрат состојбите за поголемо вклучување на жените на раководни позиции, односно во управните и надзорните органи.

| | |
|---|---|
| 1 | |
| 2 | |
| 3 | |

**КРАТКА ЕВАЛУАЦИЈА НА ТРИБИНАТА**

1. Дали цените дека организацијата на трибината е успешна?

   ДА НЕ

2. Дали цените дека изборот на говорничките – деловни жени е соодветен?

   ДА НЕ

3. Дали мислите дека мотивациските говори на успешните жени менаџери ќе ги охрабрат останатите жени да се одлучат да бидат на раководни позиции?

   ДА НЕ

4. Дали прашалникот кој го пополнивте ги содржи главните прашања клучни за мерење на интересот за поголема застапеност на жените на одлучувачки позиции?

   ДА НЕ

5. Дали реализацијата на овој проект ќе придонесе да се продолжи со нови активности за создавање услови и критична маса за наоѓање на начин да се зголеми бројот на жените во управувачките органи во Република Македонија?

   ДА НЕ

Ви благодариме на соработката!

## Прилог 2: Основни податоци за претпријатијата и пополнувачите на прашалникот:

| | ШТИП | | ГОСТИВАР | | СКОПЈЕ | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Виднапретпријатие** | **Бројнап ретпр.** | **%** | **Бројнапрет пр.** | **%** | **Бројнапре тпр.** | **%** | **Бројнапре тпр.** | **%** |
| Јавнопретпријатие /институција | 3 | 13,04 | 6 | 37,50 | 2 | 9,52 | 11 | 18,33 |
| Приватнипретпријат ија | 19 | 82,61 | 9 | 56,25 | 19 | 90,48 | 47 | 78,33 |
| Немаодговор | 1 | 4,35 | 1 | 6,25 | 0 | - | 2 | 3,33 |
| **Вкупно:** | **23** | **100,00** | **16** | **100,00** | **21** | **100,00** | 60 | 100,00 |

| | ШТИП | | ГОСТИВАР | | СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вработенивоистра жуванитепретприја тија** | **Бројнап ретприја тија** | **%** | **Бројнапрет пријатија** | **%** | **Бројнапре тпријатија** | **%** | **Бројнапре тпријатија** | **%** |
| до 9 вработени | 7 | 30,43 | 4 | 25,00 | 10 | 47,62 | 21 | 35,00 |
| од 10 до 50 вработени | 8 | 34,78 | 4 | 25,00 | 7 | 33,33 | 19 | 31,67 |
| од 51 до 250 вработени | 2 | 8,70 | 4 | 25,00 | 2 | 9,52 | 8 | 13,33 |
| Над 250 вработени | 5 | 21,74 | 3 | 18,75 | 2 | 9,52 | 10 | 16,67 |
| Немаодговор | 1 | 4,35 | 1 | 6,25 | 0 | - | 2 | 3,33 |
| **Вкупно:** | **23** | 100,00 | **16** | 100,00 | **21** | 100,00 | 60 | 100,00 |

| | ШТИП | | ГОСТИВАР | | СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Деталенстатуснаис питаниците** | **Бројнаи спитани ци** | **%** | **Бројнаиспи таници** | **%** | **Бројнаисп итаници** | **%** | **Бројнаисп итаници** | **%** |
| Топменаџмент | 10 | 43,48 | 8 | 50,00 | 17 | 80,95 | 35 | 58,33 |
| Среденменаџмент | 8 | 34,78 | 4 | 25,00 | 3 | 14,29 | 15 | 25,00 |
| Вработени | 3 | 13,04 | 4 | 25,00 | 1 | 4,76 | 8 | 13,33 |
| Немаодговор | 2 | 8,70 | | - | | - | 2 | 3,33 |
| **Вкупно:** | **23** | **100,00** | **16** | **100,00** | **21** | **100,00** | 60 | **100,00** |

| | ШТИП | | ГОСТИВАР | | СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Нивоназавршенооб разование** | **Бројнаи спитани ци** | **%** | **Бројнаиспи таници** | **%** | **Бројнаисп итаници** | **%** | **Бројнаисп итаници** | **%** |
| Основно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Средно | 3 | 13,04 | 1 | 6,25 | 2 | 9,52 | 6 | 10,00 |
| Вишо | 2 | 8,70 | 1 | 6,25 | 2 | 9,52 | 5 | 8,33 |
| Високо | 11 | 47,83 | 7 | 43,75 | 8 | 38,10 | 26 | 43,33 |
| Магистратура / докторат | 7 | 30,43 | 7 | 43,75 | 9 | 42,86 | 23 | 38,33 |
| **Вкупно:** | **23** | **100** | **16** | **100** | **21** | **100** | 60 | 100 |

| | ШТИП | | ГОСТИВАР | | СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пол** | **Бројнаи спитани ци** | **%** | **Бројнаиспи таници** | **%** | **Бројнаисп итаници** | **%** | **Бројнаисп итаници** | **%** |
| мажи | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 14,29 | 3 | 5 |
| жени | 23 | 100 | 16 | 100 | 18 | 85,71 | 57 | 95 |
| **Вкупно:** | **23** | **100** | **16** | **100** | **21** | **100** | 60 | **100** |

| | ШТИП | | ГОСТИВАР | | СКОПЈЕ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Возрастнаиспитани ците** | **Бројнаи спитани ци** | **%** | **Бројнаиспи таници** | **%** | **Бројнаисп итаници** | **%** | **Бројнаисп итаници** | **%** |
| до 30 години | 2 | 8,70 | 2 | 12,5 | 4 | 19,05 | 8 | 13,33 |
| од 31 до 45 години | 11 | 47,83 | 5 | 31,25 | 6 | 28,57 | 22 | 36,67 |
| над 45 години | 9 | 39,13 | 9 | 56,25 | 11 | 52,38 | 29 | 48,33 |
| Немаодговор | 1 | 4,35 | | 0 | | - | 1 | 1,67 |
| **Вкупно:** | **23** | **100,00** | **16** | **100** | **21** | **100** | 60 | **100** |

### Прилог 3: Обработка на одговорите на анкетниот прашалник од страна на учесниците на јавните трибини

| | | ШТИП | | | ГОСТИВАР | | | СКОПЈЕ | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРАШАЊЕ | да | пон | не | да | пон | не | да | пон | не | да | пон | не |
| 1 | Дали менаџментот во организацијата во која работите вложува во обуки/семинариза континуирано јакнење на свесноста за важноста на базичните принципи на раководењето и управувањето во компанијата? | 12 | 6 | 4 | 7 | 7 | 2 | 17 | 2 | 2 | 36 | 15 | 8 |
| 2 | Дали на жените им е овозможено да учествуваат во процесот на донесување одлуки во процесите на раководење и управување? | 18 | 3 | 1 | 11 | 5 | 0 | 18 | 3 | 0 | 47 | 11 | 1 |
| 3 | Дали подобрата едукација на жените значајно влијае за нивно поставување на раководни и управувачки функции? | 15 | 5 | 1 | 12 | 4 | 0 | 17 | 4 | 0 | 44 | 13 | 1 |
| 4 | Дали сметате дека на кариерата на деловна жена значајно влијае мајчинството? | 9 | 12 | 1 | 7 | 6 | 2 | 8 | 10 | 0 | 24 | 28 | 3 |
| 5 | Дали сметате дека на кариерата на деловна жена значајно влијае мајчинството? | 10 | 8 | 4 | 7 | 3 | 5 | 9 | 8 | 4 | 26 | 19 | 13 |
| 6 | Според Ваше мислење, дали жените би можеле да бидат рамноправни со мажите во деловниот свет? | 22 | 0 | 0 | 14 | 2 | 0 | 18 | 3 | 0 | 54 | 5 | 0 |
| 7 | Дали позитивно ги оценувате резултатите на општеството (на национално и локално ниво) во врска со креирањето адекватни мерки, препораки и легислатива на оперативно ниво, во делот на зголемување на свесноста за поголемо вклучување на жените во управните и надзорните одбори, односно на раководните позиции? | 7 | 10 | 5 | 7 | 4 | 5 | 8 | 6 | 7 | 22 | 20 | 17 |
| 8 | Дали е голем интересот на менаџментот на компанијата во која работите за поставување на жени раководнии управувачки позиции? | 13 | 7 | 2 | 7 | 5 | 4 | 17 | 4 | 0 | 37 | 16 | 6 |
| 9 | Колкав е вкупниот број на мажи и жени во вашата компанија? | | | | | | | | | | | | |
| | а.На раководни позиции | 38 | | | 31 | | | 88 | | | 157 | | |
| | б. Во управни и надзорни одбори | 33 | | | 170 | | | 50 | | | 253 | | |
| 10 | Колку од нив се само жени ? | | | | | | | | | | | | |
| | а.На раководни позиции | 21 | 55,26 | | 29 | 93,55 | | 48 | 54,55 | | 98 | 62,42 | |
| | б. Во управни и надзорни одбори | 17 | 51,52 | | 4 | 2,35 | | 23 | 46 | | 44 | 17,39 | |
| 11 | Дали сте поборник за дефинирање на квоти за учество на жените во управни и надзорни одбори? | 18 | 4 | 0 | 12 | 2 | 2 | 16 | 4 | 1 | 46 | 10 | 3 |
| 12 | Дали сте на природен начин да се зголеми учеството на жените во управни и надзорни одбори? | 16 | 2 | 4 | 13 | 0 | 2 | 19 | 2 | 0 | 48 | 4 | 6 |
| 13 | Дали сметате дека бизнис асоцијациите можат да придонесат кон менување на состојбите за вклученоста на жените во управните и надзорните одбори, односно во други управувачки тела на оперативно ниво? | 19 | 3 | 0 | 15 | 1 | 0 | 18 | 3 | 0 | 52 | 7 | 0 |
| 14 | Дали сметате дека државните стимуланси во вид на субвенции на компаниите ќе придонесе за зголемено процентуално учество на жените во управните и надзорните одбори? | 15 | 5 | 2 | 13 | 3 | 0 | 13 | 6 | 2 | 41 | 14 | 4 |
| 15 | Дали сметате дека е целисходно да се покрене иницијатива до законодавниот дом за воведување на системски мерки за зголемување на учеството на жените во надзорните и управните органи во соработка со останатите женски асоцијации и јавниот сектор? | 20 | 2 | 0 | 15 | 1 | 0 | 18 | 3 | 0 | 53 | 6 | 0 |

## Прилог 4: Кратка евалуација

| | КРАТКА ЕВАЛУАЦИЈА НА ТРИБИНАТА | ШТИП | | | ГОСТИВАР | | | СКОПЈЕ | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали цените дека организацијата на трибината е успешна? | 23 | | 0 | 16 | | 0 | 21 | | 0 | 60 | | 0 |
| 2 | Дали цените дека изборот на говорничките – деловни жени е соодветен? | 23 | | 0 | 16 | | 0 | 21 | | 0 | 60 | | 0 |
| 3 | Дали мислите дека мотивациските говори на успешните жени менаџери ќе ги охрабрат останатите жени да се одлучат да бидат на раководни позиции? | 23 | | 0 | 15 | | 1 | 21 | | 0 | 59 | | 1 |
| 4 | Дали прашалникот кој го пополнивте ги содржи главните прашања клучни за мерење на интересот за поголема застапеност на жените на одлучувачки позиции? | 23 | | 0 | 15 | | 1 | 21 | | 0 | 59 | | 1 |
| 5 | Дали реализацијата на овој проект ќе придонесе да се продолжи со нови активности за создавање услови и критична маса за наоѓање на начин да се зголеми бројот на жените во управувачките органи во Република Македонија? | 23 | | 0 | 16 | | 0 | 21 | | 0 | 60 | | 0 |

Изготвил
Проф. Д-р Љубиша Николовски